Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 99-та седница одржана на ден 26.01.2024 година ја донесе следнава

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-4936/1 од 18.10.2023 година, оформен по доставена пријава на надлежно постапување со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за јавна набавка, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот.

Предметот со број 12-4936/1 од 18.10.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Биро за јавни набавки, на ден 18.10.2023 година, доставена е на надлежно постапување анонимна пријава во која се изнесуваат наводи за сомневање за незаконитости во постапка за јавна набавка и оформен е предмет број 12-4936/1 од 18.10.2023 година. Воедно, Бирото известува дека пријавата е доставена на надлежно постапување и до Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност.

Пријавата е поднесена во врска со спроведување на постапка за јавна набавка на стоки – Хемикалии за ПСОВ спроведена под број на оглас ---------------- година од страна на -----------------------. По спроведената постапка е склучен договор со економскиот оператор -----------------------------. Подносителот наведува дека сомневањето се однесува на валидноста на доставените документи со кои се докажува дека производите ги исполнуваат бараните карактеристики, односно доставениот каталог за позиција 3 од набавката од производител ----- не одговарал на оригиналниот каталог на овој производ достапен на интернет. Согласно наводите од пријавата, ова остава сомнеж во однос на тоа што реално е набавено имајќи предвид дека договорот е реализиран. Исто така, се наведува дека зададените карактеристики од тендерската документација упатуваат на друг производител чиј генерален застапник е ---------------------------------------- (за кој економски оператор според подносителот биле прилагодени карактеристиките) кој бил исклучен во фаза на евалуација поради недоставување на изјава за сериозност, а останатите понудувачи не ги исполнувале зададените карактеристики. Во пријавата исто така се изнесуваат наводи за здружување на двата понудувачи и во други постапки за јавни набавки.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК се обрати со барање за доставување на податоци и информации до договорниот орган ---------------------------------. Од страна на договорниот орган е доставена документација од спроведената постапка за јавна набавка и од реализацијата на склучениот договор со носителот на набавката. Од доставената документација произлегува дека договорниот орган вршел контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка е во согласност со условите од договорот на што е обврзан и со Законот за јавните набавки. Видно од тендерската документација и склучениот договор, договорниот орган имал предвидено механизми во случај доколку економскиот оператор не ја достави бараната стока согласно потребите на договорниот орган, кои механизми не биле применети. Имајќи го предвид наведеното, по исполнување на договорните обврски од договорните страни објавено е известување за реализиран договор во кое не се наведени забелешки од реализацијата.

Во однос на барањето на подносителот да се испита дали понудените производи од производителот ------------ се постоечки, односно дали имаат карактеристики како во приложените сертификати, ДКСК констатира дека нема законски механизам да ги испита и докаже, а во врска со истите согласно известувањето од Бирото за јавни набавки пријавата е доставена до надлежен орган – Биро за јавна безбедност при МВР.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот имајќи предвид дека за дел од наводите од пријавата не е констатирана повреда на закон, а за останатите наводи пријавата е доставена до надлежен орган, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**